Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
124/2014
Датум на објавување:
20.8.14

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 64-б став (5) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14 и 42/14), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ ВОЗИЛА И ВОЗИЛА ВО ДЕФЕКТ ОД ОПШТИНСКИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ЗА ТЕРИТОРИЈАТА НА СООДВЕТНАТА ОПШТИНА ИЛИ ГРАДОТ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на соодветната општина или градот Скопје.

## Член 2

Лиценцата за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на соодветната општина или градот Скопје се издава на образец во А-4 формат на хартија во сина боја.

Лиценцата од став 1 на овој член ги содржи следните податоци: сериски број на лиценца, грбот на општината односно градот Скопје, назив на општината односно градот Скопје, назив „Лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта", име, презиме и адреса на физичкото лице односно назив и седиште на правното лице, единствен матичен број на физичкото лице односно едиствен даночен број на правното лице, дата на издавање, место за печат и потпис.

Формата и содржината на лиценцата од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-11463
7 август 2014 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.

Прилог

(сериски број на лиценца)

(МЕСТО ЗА ГРБ
НА ОПШТИНАТА,
ОДНОСНО
ГРАДОТ СКОПЈЕ)

______________________________________________
(НАЗИВ НА ОПШТИНАТА ОДНОСНО ГРАДОТ СКОПЈЕ)

# ЛИЦЕНЦА
## за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта

__________________________________________________________
(име, презиме и адреса на физичкото лице односно назив и седиште на правното лице)

__________________________________________________________
(единствен матичен број на физичкото лице односно единствен даночен број на правното лице)

Дата на издавање ______________

Градоначалник,

М.П.